**20230090149**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значка и начинот на издавање на службената легитимација и значка на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/07), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Образецот на службената легитимација на полициските службеници е со димензија 5,5 x 9,2 cm, кој е сместен во троделна кожна обвивка со црна боја, големина 7 x 31 cm (Образец бр. 1 и бр. 2).“

Член 2

Во член 2 ставовите 3, 4 и 5 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 3

Обрасците бр. 1 и 2 се заменуваат со нови Обрасци бр. 1 и 2, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-2260/1
10 јануари 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Образец бр. 1


55 mm
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА
Име:
Презиме
Потпис на овластено лице:
00000
92 mm
РСМ
Датум на раѓање:
Место:
Живеалиште:
Издадена:
Рег. број
Крвна група
92 mm
55 mm
00000
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РСМ
ПОЛИЦИЈА
310 mm
70 mm